Бр./Nr 12-153/2
26-02-2021 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22, член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019),член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител, на 46-а седница, на продолжението на седницата одржано на ден 19 Февруари 2021 година, донесе

**О д л у к а**

Постапката покрената по пријавата за корупција бр. 12-2256/1 од 03.04.2019 година доставена од познат подносител физичко лице – ------------------- од --------------------, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-2256 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-2256/1 од 03.04.2019 година.

Предметот со број 12-2256 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-2256 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-2256/1 од 03.04.2019 година, доставена од познат подносител – физичко лице, ----------------- од --------------------.

Со наводите од пријавата се укажува на сомневања за злоупотреби и несовесно постапување од страна на службени лица од општина ------------- поврзано со непреземање на мерки и неспроведување на извршување на Решение ------------- за отстранување на бесправна градба – настрешница со метална конструкција лоцирани на градскиот пазар во ---------------, а поставени од страна на правно лице, дооел од ------------------.

Со пријавата, имено се посочува дека службени лица од општина ------------ спротивно на законските и подзаконските прописи не постапувале и не преземале дејствија за реализација на административно извршување на веќе донесени управни акти за присилно отстранување на бесправно поставената бесправна градба на јавна површина, во корист на изведувачот пред неговиот деловен објект – ресторан на градскиот пазар во -------------------.

При постапувањето на предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата поаѓајки од наводите на подносителот, заради целосно утврдување на фактичката состојба изврши и соодветни административни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност на начин што презема процесни дејствија – достава на барање за достава на податоци и информации – со прилог

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

документација до општина --------------- – Овластен градежен инспектор при општината, вклучително со барање да биде извршен инспекциски надзор заради констатирање на сегашната фактичка состојба на лице место.

Последователно, по повод доставеното барање, до Државната комисија за спречување на корупцијата е доставен писмен одговор од Градоначалникот на општина -------------- , -------------, при што Државната комисија е известена дека во моментот општина ----------------- нема градежен инспектор кој би извршил увид на лице место за потврда на моменталната состојба, дека е во тек постапка по објавен оглас за избор на нов градежен инспектор, како и дека до Државната комисија, веднаш по изборот на градежниот инспектор ќе биде постапено по барањето за инспекциски надзор на предметната локација.

Од друга страна, со одговорот на барањето на Државната комисија градоначалникот на општина -------------------------- директно, по извршени административни проверки, се произнесува по наводите од пријавата во контекст на што - за потврда на произнесувањето доставува и прилог списи и фотографии.

Имено, според произнесувањето на градоначалникот на општина -------------------- предметниот бесправно поставен објект бил/е отстранет-демонтиран од страна на сопственикот.

Согласно се погоре наведено Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека наводите од предметната пријава не се потврдуваат, односно и дека настапила промена на фактичката состојба.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека во конкретниот случај нема индиции за злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг од страна на службените/одговорните лица од општина ------------------------, па оттаму и дека Државната комисија нема основ за понатамошно постапување согласно со надлежностите на Државната комисија за спречување на корупцијата утврдени со член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 19 Февруари 2021 година под бр. 12-153/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

По заклучок на ДКСК
Изработил: Х.М., Советник
Одобрил : Г.Т, Член на ДКСК

Доставено до :
- Архива
- подносителот